# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 07 Декември 2011 година<br>Скопје<br>Бр. 15 Год. VI |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бб.
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


**Содржина:**


**1. Одлука за постапување по понуда, предмет на купопродажба за првенствено право на купување на градежно земјиште на кое е планирано градење на објекти од јавен интерес од локално значење .............2**

**2. Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2012 година ..........................................4**

**3. Програма за комунални дејности во Општина Ѓорче Петров за 2012 година...............................................18**

**4. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа културата и поддршката на невладинот сектор во 2011 година..........................................................................................28**

**5. Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладинот сектор во 2012 година..........................................................................................................36**

**6. Извештај за реалиизација на Програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2011 година.................................................46**

**7. Одлука за усвојување на Извештај за работата на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров за 2011 година и Извештај за работа на Отворена забавна фудбалска школа за 2011 година............................54**

**8. Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор во 2012 година..........................................................................................................56**

**9. Одлука за усвојување на Програма за работа на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров со финансов план за 2012 година и Договор за меѓусебна соработка за организација на Отворени Забавни Фудбалски Школи 2012 година..........................................................................................................62**

**10.Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2012 година......................64**


**Скопје, Декември 2011 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за постапување по понуда,**
**предмет на купопродажба за првенствено право на купување на градежно земјиште**
**на кое е планирано градење на објекти од јавен интерес од локално значење**

Се објавува Одлуката за постапување по понуда, предмет на купопродажба за првенствено право на купување на градежно земјиште на кое е планирано градење на објекти од јавен интерес од локално значење што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/1**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 9 точка 3 и 5 од Законот за градежно земјиште (Службен Весник на РМ бр.17/2011 и 53/2011) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на РМ бр.05/2006) Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата седница одржана на ден 29.11.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**За постапување по понуда, предмет на купопродажба за првенствено право на купување на градежно земјиште на кое е планирано градење на објекти од јавен интерес од локално значење**

Член 1

Советот на Општина Ѓорче Петров го овласува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да одлучува по понуда за користење на првенствено право на купување на градежно земјиште во сопственост на физички и правни лица, кога се врши купопродажба на земјиште кое со урбанистички план или урбанистичка планска документација е планирано за градење на објекти од јавен интерес од локално значење на начин утврден со закон и тоа:

- Доколку за предметното земјиште Општината нема интерес, Градоначалникот дава одговор дека Општината не е заинтересирана за купување на предметното земјиште;
- Доколку Општината има интерес за предметното земјиште, Градоначалникот дава Предлог до Советот на Општина Ѓорче Петров. Советот одлучува дали Општината ќе го купи предметното земјиште или не.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-3090/3**
**Од 29.11.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2012 година што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/2**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

# ПРОГРАМА
## за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2012 година

Скопје, Ноември 2011 година

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07 и 91/09), член 46 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 82/08 и 143/08) и член 16 став 1, точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата Сединца одржана на 29.11.2011година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ‘‘Ф‘‘**
**НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2012 ГОДИНА**

ВОВЕД
ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ “ Ф “ се состои од следните подпрограми

**I Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**II Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно-оперативни трошоци)**

**III Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (тековно-оперативни трошоци)**

**IV Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)**

**СИТЕ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ**

ПРИХОДИ:

| Кате-горија | Ставка | Основна ставка | Потставка | Видови приходи | Износ во денари 2012 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **48.325.000,00** | |
| **71** | | | | **Даночни приходи** | **44.825.000,00** | |
| | **717** | | | **Даноци на специфични услуги** | **44.825.000,00** | |
| | | **7171** | | **Комунални даноци** | **44.825.000,00** | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 40.367.500,00 | |
| | | | 717119 | Други приходи по основ на комунални дејности (побарување од Градот од 1997год.) | 407.500,00 | |
| | | | 717129 | Други комунални такси | 4.000.000,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 717140 | Камата од ненавремено плаќање на комунални такси | 50.000,00 | |
| **72** | | | | **Неданочни приходи** | **3.500.000,00** | |
| | **724** | | | **Други владини услуги** | **500.000,00** | |
| | | **7241** | | **Други владини услуги** | **500.000,00** | |
| | | | 724112 | Надомест за изработени просторни и урбанистички планови | 500.000,00 | |
| | **725** | | | **Други неданочни приходи** | **3.000.000,00** | |
| | | **7259** | | **Други неданочни приходи** | **3.000.000,00** | |
| | | | 725939 | Останати неданочни приходи | **3.000.000,00** | |

Овие вкупни приходи се распоредуваат во потпрограмите "Ф1. Ф.2 .3 Ф.А и Ф.Д"

**I Ф.1 ПОД-ПРОГРАМА ЗА**

**УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

**ВОВЕД:**

Тековно - оперативните трошоци за урбанистичко планирање се наменети за подготовка на урбанистички планови. За таа цел се донесува годишна програма за изработка на:

— Детални урбанистички планови
— Урбанистички планови за село
— Урбанистички планови вон населено место

Под-Програмата за урбанистичко планирање се финансира од следните извори на средства:

ПРИХОДИ

| Група | Под група | Основни сметки | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ | Износ во денари 2012 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **10.750.000,00** | |
| **71** | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **7.250.000,00** | |
| | **7171** | | **Комунални даноци** | **7.250.000,00** | |
| | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште ( дел ) | 7.250.000,00 | |
| **72** | | | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **3.500.000,00** | |
| | 7241 | | Други видови услуги | **500.000,00** | |
| | 724112 | | Надомест за изработка на просторни и урбанистички планови | 500.000,00 | |
| | 7259 | | Други недано~ни приходи | **3.000.000,00** | |
| | 725939 | | Останати неданочни приходи | 3.000.000,00 | |

## ТРОШОЦИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**РАСХОДИ**

| Гру па | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2012 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **42** | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | | |
| | 4256 | | | **УСЛУГИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | **10.750.000,00** | |
| | | **425640** | | **ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛНИ И ДРУГИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ** | **10.500.000,00** | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма 2005 год.** | **300.000,00** | |
| | | | **1.** | ДУП УЗ Дексион дел над пруга, станбена зона | | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма 2006 год** | **2.000.000,00** | |
| | | | **2.** | ДУП УЗ Даме Груев - УБ - 3 | | |
| | | | **3.** | ДУП УЗ Даме Груев - УБ - 4 | | |
| | | | **4.** | ДУП УЗ Даме Груев - УБ - 5 | | |
| | | | **5.** | УП за село Волково | | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма 2007год** | **2.000.000,00** | |
| | | | **6.** | УП за село Кучково | | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма 2008год** | **750.000,00** | |
| | | | **7.** | ДУП УЗ Дексион | | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма 2009 год** | **2.450.000,00** | |
| | | | **8.** | ДУП за дел од Западна индустриска зона ЈУГ - 4 | | |
| | | | **9.** | УП за село Волково – разработка по блокови | | |
| | | | | **Урбанистички планови по Програма 2012 год** | **3.000.000,00** | |
| | | | **10.** | Изработка на дел од ДУП Ѓорче Петров УБ 17 | | |
| | | | **11.** | Трошоци за изработка на урбанистички планови и измени на планови по иницијатива на физички и правни лица | | |
| | **4259** | | | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | **250.000,00** | |
| | | 425990 | | Други договорни услуги | 250.000,00 | |

II ф.2 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
III ф.3 ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ

**ПОД-ПРОГРАМИТЕ Ф.2 И Ф.3** ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНО ПОДРАЧЈЕ СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СЛЕДНИТЕ ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

**П Р И Х О Д И**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2012 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **8.500.000,00** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | |
| | **7171** | | | **КОУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **8.500.000,00** | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште (дел) | 8.500.000,00 | |

**ПРОГРАМИРАНИ ТРОШОЦИ ПО ПОД-ПРОГРАМИ - Ф.2 и .Ф.3**
**Р А С Х О Д И**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на расходи | Износ во денари 2012 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **8.500.000,00** | |
| **42** | | | | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **8.500.000,00** | |
| | **4211** | | | **Кому нални услуги** | **4.000.000,00** | |
| | | 421190 | 1. | Други комунални такси и услуги | 4.000.000,00 | |
| | **4243** | | | **Поправки и одржување на други градби** | **500.000,00** | |
| | | 424390 | 2. | Одржување на други градби | 500.000,00 | |
| | **4259** | | | **Други договорни услуги** | **2.000.000,00** | |
| | | 425940 | 3. | Расходи за рушење на објекти | 2.000.000,00 | |
| | **4269** | | | **Други оперативни расходи** | **2.000.000,00** | |
| | | 426990 | 4. | Други оперативни расходи | 2.000.000,00 | |

## IV. Ф.А ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ
**(Капитални трошоци)**

**ВОВЕД**

Со оваа Под-Програма, а согласно член 43 од Законот за градежно земјиште, Општина Ѓорче Петров врши уредување на градежното земјиште во рамките на подрачјето утврдено со Генералниот урбанистички план и важечките детални урбанистички планови.

ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ
**Под-Програмата Ф.А** се финансира од следните извори за финансирање: **ПРИХОДИ**

| Гру па | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2012 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **22.300.000,00** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **22.300.000,00** | |
| | **7171** | | | **КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **22.300.000,00** | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште | **21.842.500,00** | |
| | | 717119 | | Други приходи по основ на комунална дејност ( побарувања од Градот од 1997 година ) | **407.500,00** | |
| | | 717140 | | Камата од ненавремено плаќање на комунални такси | **50.000,00** | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД- ПРОГРАМАТА Ф.А**
**РАСХОДИ**

| Гру па | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2012 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **48** | | | | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **22.300.000,00** | |
| | **4821** | | | **Улици и патишта** | **6.500.000,00** | |
| | | | | **Изработка на проекти, изградба на објекти и реконструкција на објекти од комунална изфраструктура која е во надлежност на Градот Скопје и Општина Ѓорче Петров, за исполнување на договорните обврски кон корисниците - сопствениците на градежно земјиште 60% за Град Скопје и 40% за Општина Ѓорче Петров** | | |
| | | 482110 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | 1.500.000,00 | |
| | | 482120 | | Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | 5.000.000,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Обработка на јавни површини со префабрикувани елементи**<br><br>- патека Жеденска<br>- тротоар на ул.Исаија Мажовски (кај семафор)<br>- колско пешачка патека на ул.Ѓорѓи Казепов<br>- патека меѓу ул. Браќа Галеви и Исаија Мацовски<br>- пристапна патека од зграда бр.50 до ул. Лука Геров<br><br>**Изградба на улици**<br>- Ул. Новопроектирана по ДУП Алекса Демниевски | 1.600.000,00<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>3.400.000,00 | |
| | **4823** | | | **Пречистителни станици и колектори** | **2.300.000,00** | |
| | | 482310 | | Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосферска канализација | 300.000,00 | |
| | | 482320 | | Изградба на фекална и атмосферска канализација | 2.000.000,00 | |
| | **4827** | | | **Капацитети за водоснабдување** | **3.300.000,00** | |
| | | 482710 | | Подготвување проекти вклучувајќи и дизајн за водоводна мрежа | 300.000,00 | |
| | | 482720 | | Изградба на водоводна мрежа | 3.000.000,00 | |
| | **4828** | | | **Изградба на капацитети во енергетика** | **2.000.000,00** | |
| | | 482820 | | Изградба на објекти од енергетика Ниско-напонска електрична и топлификациона мрежа | 2.000.000,00 | |
| | **4829** | | | **Изградба на други објекти, улично осветлување и јавно зеленило** | **2.200.000,00** | |
| | | 482910 | | Подготвување на проекти на други објекти (јавно осветлување и јавно зеленило ) | 200.000,00 | |
| | | 482920 | | Изградба на други објекти (улично осветлување и јавно зеленило ) | 500.000,00 | |
| | | 482930 | | Реконструкција на други објекти (јавно осветлување и јавно озеленување ) | 500.000,00 | |
| | | 482940 | | Надзор над градба | 1.000.000,00 | |
| | **4854** | | | **Надомест за одземен имот** | **6.000.000,00** | |
| | | 485420 | | Надомест за одземен имот | 6.000.000,00 | |

I. Во рамките на реализацијата на Под-Програмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% стари обврски на Градот Скопје, врз основа на 100% прибран надоместок за уредување на градежно земјиште.

1. Ул. Мајски Манифест од ул.Ѓ.Салај до ул.А.Демниевски, извод. 369/95 расчистување.
2. Изградба на дел од ул. Македонска Преродба со паркинг во МЗ Мирче Ацев, ( позади објектот на ул. 4-ти Јули чиј инвеститор бил ЈП ССДП, извод за улицата 135/96,извод за паркингот 314/96.
3. Дел од ул. Македонска Преродба со паркинзи кај станбени објекти спроти Црквата во М.З. Ѓорче Петров - расчистување.
4. Ул. Социјалистичка Зора.- трошоци за експропријација
5. Дел од ул. Сремски Фронт (од ул. Мечкин Камен до ул. 4-ти Јули, расчистување).
6. Дел од ул. Ѓорѓи Казепов.

7. Изградба на ул.Австралиска;
8. Изградба на ул.Антон Чехов

II. Во рамките на реализацијата на Подпрограмата Ф.А предвидено е да се реализираат и следните позиции кои се 100% обврска на Градот Скопје, произлезенаа од надлежностите на Градот дефинирани со Законот за Град Скопје.

1. Регулација и уредување на кејот и насипот на р. Вардар на територијата на Општина Ѓорче Петров согласно ГУП.
2. Регулација на р.Лепенец на територијата на Општина Ѓорче Петров
3. Изградба на булевар Македонска Војска.I фаза III делница со кружен ток
4. Довршување на улица 4-ти Јули и изведба на улично осветлување
5. Изградба на булевар Илинденска
6. Изградба на булевар Црногорска
7. Изградба на ул. Сремски Фронт
8. Изградба на ул. Лепенец
9. Изградба на ул. Тиранска
10. Довршување на бул. Партизански Одреди до ул. 4-ти Јули.
11. Изградба на мост на р. Лепенец и дел од бул. Црногорска на потегот од село Бардовци до Надвозникот за населба Даме Груев
12. Доизградба на ул. Волковска
13. Доизградба на ул. Алексо Демниевски

## ОБВРСКИ НА ГРАДОТ И ОПШТИНАТА ПО ОСНОВ НА ПЛАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕ`НО ЗЕМЈИШТЕ (60% СО 40%)

### 3. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште е со цел да може да се изврши опремување на земјиштето градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктра. Под расчистување на градежното земјиште се смета:

- Решавање на имотно правните односи со сопствениците на земјиштето и објектите, каде треба да се изведат инфраструктурните објекти.
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.
- Уривање на постојните градежни и други објекти кои се наоѓаат на градежното земјиште каде треба да се изведат инфраструктурните објекти, (селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо ).
- Предлог - надоместот за одземените и неплатени насади, посевии шуми на земјиштето и плодовите што се одземаат, се пресметува врз основа на елементите со помош на кои според движењата на пазарот се утврдува нивната пазарна цена, доколку не влегле во пазарната вредност на земјиштето.
- Предлог - надоместот за експроприрани објекти или објекти што ќе се експроприраат , се определува по пазарна вредност. Од продажната цена по која градежната оператива продава соодветен простор изграден во најблиската околина, до објектот што е предмет на експропријација се одбива:

а.) Износот на вложените средства за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура за заедничка и индивидуална потрошувачка, кои не се изведени во објектот што е предмет на експропријација.

б.) Износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште, кој не е платен за објектот кој е предмет на експропријација, а истиот е изграден по 01.01.1966 година.

в.) Износот за степенот на амортизација за објектот кој е предмет н а експропријација, кој се одредува согласно Законот за продажба на станови во општествена сопственос и согласно Уредбата за критериумите и начинот на утврдување на продажната цена на становите во општествена сопственост.

- Висината на предлог надоместот за објект кој заради својата природа не е во промет и за кој не се формира пазарна цена (бунари, огради, ѕидови и сл.), се определува според пазарната вредност на материјалот иработната рака потребна за изградба на таков објект, намалена за соодветниот износ на амортизација;
- Трошоците за селидба на сопствениците, со пренесување на покуќнината и опремата и уривањето на експроприраните објекти, се пресметуваат со тековни цени.

## 4. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на уредување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти од инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона ( фекална и атмосферска ) до приклучна шахта, НН електрична мрежа до приклучен орман, топлификациона мрежа со приклучна последна шахта и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира, обемот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела:

**а.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за заедничка комунална потрошувачка, за кои се реализирани или ќе се реализираат следните активности:
- изградба на улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови;
- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на секундарни атмосферски канализациони мрежи до последната шахта;
- изградба на улично осветлување;
- изградба на јавно зеленило;

**б.)** Објекти на комуналната инфраструктура што служат за индивидуална комунална потрошувачка, за кои ќе се реализираат следните активности:
- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална канализациона мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна топлификациона мрежа до и со последната шахта;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела,на градски сообраќајници ги сноси Градот Скопје во целосен износ , а на Општинските сообракајници Општината Ѓорче Петров во целосен износ, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на имотно - правни и технички услови и материјални средства.

## 5.ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште согласно Одлуката за уредување на градежно земјиште на Општина Ѓорче Петров, се пресметува на следниот начин.

За расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, за проектирање и изградба на објекти од комунална инфраструктура, пречистителна станица и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште по упросечени трошоци на ниво на Град и Општина Ѓорче Петров, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, пресметана согласно член 6 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степеност на уреденост ("Сл. Весник на РМ" бр. 88/09 год. )

За секој вид простор неопфатен со одредбата на став 1 на овој член, надоместокот ќе се пресметува по аналогија, како за просторот опфатен со Правилникот од претходниот став

Просториите со нето висина до 2,50 м ' кои се пресметуваат со коефициент 0,2 согласно Правилникот, се однесуваат само на простории во подкровје („Сл. Весник на РМ" бр. 85/-2001 год.), а површината на просторот во подкровје каде висината е 2,50 м и поголема, се пресметува со коефициент 1,0.

- Доколку во подкровниот простор се појават повеќе нивоа, претходниот став важи само за последното ниво сметано од долу нагоре.

- За сите простории опфатени со Правилникот наведени во став 1 - се пресметува

надоместокот за уредување на градежното земјиште и тоа:

а.) Дел на надоместокот за изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка и пречистителна станица, основните комуналии и подобност (бонитет) на локалитетот.

б.) Дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградба на објекти од комуналната инфраструктура од индивидуална потрошувачка, според намената која е дефинирана во техничката документација, заверена од Општина Ѓорче Петров

Висината на основицата за одредување на упросечените трошоци што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината, еднаква е на висината на основицата утврдена на 01.01.2011 год, а ќе се усогласува согласно индексот на пораст на цени на мало добиени од Државниот завод за статистика.

5.1. Висината на упросечените трошоци за расчистување на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура, проектирање и изградба на објекти од комуналната инфраструктура за заедничка потрошувачка (основни комуналии и погодност -бонитет на локалитетот - комплексот), каде се гради или е изграден станбен, јавен, деловен, производен и друг простор што се утврдува како процентуален дел од основицата, се определува со Под-Програмата Ф.А, како е дадено во следниот преглед:

**ТАБЕЛА"А"**

| | **КОМПЛЕКСИ** | **основни комуналии + пречистителна станица 1 %** | **Погодност - бонитет на локалитет (комплекс )** | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **станбен простор** | **деловен или друг простор** |
| | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **1** | **Дел-2** | **20 %** | **2%** | **8%** |
| **2** | **Дел - 3** | **18 %** | **1,5%** | **4%** |
| **3** | **Дел - 4** | **16 %** | **1%** | **2%** |

Усогласувањето на висината на основицата во текот на годината, постојано се врши согласно индексот за движењето на цените на мало, утврден во Државниот завод за статистика, а за месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За сите ненавремени наплати и исплати извршени или што се вршат според Под-Програмата Ф.А за тековната година, се применува индексот за движење на цените на мало од Државниот завод за статистика. За месеците за кои не е објавен, се применува последниот објавен индекс.

За финансирање на расчистување, проектирање и изградба на пречистителна станица за отпадни води на ниво на Град и сите општини во градот, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 1 % презентиран во колона 2 од ТАБЕЛА "А". Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена.

„За финансирање и расчистување, проектирање и изградба на катни гаражи и паркинзи, каде согласно Законот за градежно зенјиште не може да се изведе паркирање во рамките на урбанистичката парцела, ќе се одвојува процентуален дел во висина од 7% од висината на основицата утврдена во точка 5 од оваа Програма.Овие средства ќе се наплатуваат на посебна сметка за оваа намена, согласно Одлуката на Советот на Општина Ѓорче Петров објавена во „Сл.гласник на Град Скопје" бр.7/2004."

5.2. За надоместување на направените трошоци во расчистувањето на градежни парцели, каде ќе се градат или се изградени објекти од комунална инфраструктура, како и за проектирање и изградба на секундарни водови и објекти од комунална инфраструктура од индивидуална потрошувачка, од сопственикот односно корисникот на земјиштето се наплатуваат упросечени трошоци во процентуален износ од утврдената основица, согласно условите и согласностите за приклучување, приложени на денот на склучување на договорот за надоместок за уредување на градежно земјиште и тоа како следува:

а. Водоводна мрежа...................................................... 1,50 %
б. Фекална канализациона мрежа ................................ 1,50 %
в. Топлификациона мрежа............................................. 3,20 %

Сопственикот - корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за

приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во градот. Доколку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие Општината Горче Петров ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

По добивањето на дополнителната согласност, со Анекс- договор се регулира надоместокот за уредување на градежно земјиште за таа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка, која се налатува по упросечени цени.

На една градежна парцела може да има само еден објект. Доколку на една градежна парцела покрај предвидениот објект со ДУП, веќе постои објект, корисникот на земјиштето е должен да го урне веќе постојниот објект, до добивање на употребна дозвола .

## 6. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште во писмена форма директно помеѓу корисникот - сопственикот на земјиштето од една страна и Општина Ѓорче Петров од друга страна.

За локалитет за кој не е донесен ДУП а влегува во границите на градежниот реон одреден со ГУП, ќе се наплати надоместок за уредување на градежно земјиште, во согласност со намената на ГУП по доставена писмена согласност од Општината дека упатената техничка документација (урбанистички проект) од Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски е во согласност со ГУП, ја прифаќа Општината и ќе ја вгради во ДУП при неговото донесување.

За да се склучи договор, корисникот - сопственикот е должен да достави во оригинал или заверена: проектна документација, хидротехнички услови за приклучување од уличната мрежа до приклучната шахта од ЈП "Водовод и канализација " и енергетски согласности издадени од АД "ЕВН " - Подружница "Електро Скопје " и АД "Топлификација" - Скопје и се составен дел на договорот.

Кога корисниците на земјиштето ќе изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, должни се за разликата која ќе се јави да склучат Анекс-договор согласно на ДУП кој е во важност во моментот на склучување на Анекс-договорот, што е услов локалната самоуправа да му ги исполни целосно договорните обврски кога ќе се создадат правни, технички и материјални услови. Кога корисниците на земјиштето изградат поголема површина од онаа во Основниот договор, а вкупно изградената површина неможе да се вклопи во ДУП кој е во важност, локалната самоуправа нема да ги исполни договорните обврски.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор, се наплатува еднократно, според усвоената табела за погодност - бонитет на локалитетот (комплексот), а средствата се неповратни.

Надоместекот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (јавен, деловен, производен и друг ) во станбен простор, не се наплатува и не се враќа.

При регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, корисникот на земјиштето е должен во целост да го измири надоместокот за уредување на градежно земјиште за индивидуална потрошувачка, за делот од објектите од индивидуална потрошувачка на која се приклучува, кои се изградени после формирањето на Фондот за комунално уредување на градежно земјиште (воколку недокаже со документација дека истиот го регулирал.

Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не ќе се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто неплаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП и не е целосно изградена инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на Градот и Општина Ѓорче Петров да им надокнади за порано направените трошоци за изградените основни инфраструктурни мреживо висина од 33% од надоместокот за уредување на градежно зејиште одреден во ГЛАВА-5. точка 5.1. и 5,2. да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест за инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам; да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и даја предаде на локалната самоуправа без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за Градот Скопје, помеѓу корисникот на земјиштето и Градот Скопје се склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште врз основа на донесените тогашни решенија за услови за градба кои во меѓувреме се поништени, а е издадена нова заверена проектна документација, новонастанатите односи ќе се регулираат со договор помеѓу Градот, Општината и корисникот -сопственикот на земјиштето. Корисникот на

земјиштето е должен да достави документ дека во претходниот период документацијата му била поништена или не е издадено одобрение за градба.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно, без учество на Градот и Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле безправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат. За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, заверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи да се примени од јавните комунални претпријатија и овластените АД. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка. Оваа изградена инфраструктурна мрежа, мора да биде предадена на Градот и Општината, да се овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест, а новите корисници на земјиштето да им надоместат на Градот и Општината целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

## 7. ГРАНИЦИ НА КОМПЛЕКСИТЕ И ЗОНИТЕ ЗА НАПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Границите на комплексите и зоните за наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се одредени во член 13 од Одлуката за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината Ѓорче Петров.

Во точка 5.1, табела А, графа - 1, прикажани се зоните по кои се одредува надоместокот за одземено земјиште за изградба на инфраструктурни објекти.

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежно земјиште и другите средства и стварни правни, технички и материјални услови.

Опремувањето на земјиштето ќе отпочне, по добивањето на Одобрение за градба на објекти од комунална инфраструктура и воведувањето во владение на земјиштето.

Со цел успешно да се реализира оваа Програма, неопходно е да се спроведат договорните обврски со сопствениците на градежното земјиште.

# V. Ф.Д ПОД-ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( Капитални трошоци )

## ВОВЕД

Со Подпрограмата Ф.Д се утврдуваат капителните трошоци за уредување на просторот во руралните подрачја.

Финансирањето на оваа Под-Програма е од комуналната такса за градежно земјиште за населени места во општина Ѓорче Петров, која се плаќа согласно Одлука донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров, од изворните приходи на опѓтината и гранд од Влада на Република Македонија преку Министерство за земјоделие во висина од 3.900.000,00 денари.

**ПРИХОДИ**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **6.775.000,00** | |
| **71** | | | | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **6.775.000,00** | |
| | **7171** | | | **КОМУНАЛНИ ДАНОЦИ** | **6.775.000,00** | |
| | | 717129 | | Други приходи по основ на комунална дејност | 4.000.000,00 | |
| | | 717137 | | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 2.775.000,00 | |

**ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОД - ПРОГРАМАТА Ф.Д.**

**РАСХОДИ**

| Група | Под група | Основни сметки | Оддел | Видови на приходи | Износ во денари 2011 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **48** | | | | КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ | **10.675.000,00** | |
| | **4821** | | | **УЛИЦИ И ПАТИШТА** | **10.175.000,00** | |
| | | 482110 | | Подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини | 500.000,00 | |
| | | 482120 | | Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини :<br><br>Изработка на јавни површини со префабрикувани елементи<br>- паркин кај црква во Ново Село<br>тротоар на ул.60 во с.Волково<br><br>Изградба на улици<br>- улица 101 во Ново Село<br><br>- Реконструкција и доизградба на дел од локален пат с.Кучково-караула Чашка и крак према резервоар | 9.675.000,00<br><br>2.200.000,00<br><br>2.500.000,00<br><br>4.975.000,00 | |
| | **4829** | | | **Надзор над изградба** | **500.000,00** | |
| | | 482940 | | Надзорна изградба | 500.000,00 | |

**ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ**

Динамиката на извршувањето ќе биде определена од: приливот на средствата од комуналната такса и создавање на други технички и материјални услови.

**ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

1. За спроведување на овие Програми, надлежен е Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности.
2. Програмите влегуваат во сила, осмиот ден од од објавувањето во Службен гласник на Град Скопје, а ќе се применуваат до крајот на годината.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Број 07-3090/4**
**29.11.2011 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програма за комунални дејности во Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Програмата за комунални дејности во Општина Ѓорче Петров за 2012 година што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/3**
**Од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

СОВЕТ НА ОПШТИНАЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА
## за комунални дејности во Општина Ѓорче Петров за 2012 година

Скопје, Ноември 2011 година

Врз основа на член 4 од Законот за комунални дејности (Службен весник на РМ бр. 45/97,5/99,45/02,16/04 и 5/09), член 15 од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр. 68/04, 107/07, 102/08 и 143/08), член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата Седница одржана на 29.11.2011 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

**В О В Е Д:**

Програмата за комунални дејности (Ј) се состои од следните Под-Програми:

**I. Ј0 - ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**
**II. ЈН - УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕН РАСХОД)**
**III. Ј3 - ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**
**IV. Ј4 - ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА**
**V. ЈА - ИЗГРАДБА НА НОВИ СИСТЕМИ ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**
**VI. Ј6 - ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**VII. ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ**
**VIII. ЈФ - ИЗГРАДБА И СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА**
**IX. ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ**
**X. ЈИ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**
**XI. ЈМ - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И ЗЕЛЕНИЛО**
**XII. Ј7 – ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**
**XIII. Ј8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**
**XIV. ЈЕ – ИЗГРАДБА НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ**

**I. Ј0 - ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**
**II. ЈН - УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛЕН РАСХОД)**

Во овие Под - Програми се планираат средства за одржување на постоечката и за поставување на нова урбана опрема, во која спаѓаат:

- клупи,
- корпи за отпадоци,
- чешми,
- информативни табли,
- жардинери,

- фонтани и друга урбана опрема

Средствата за финансирање на Под-Програма Ј0 - за одржување на урбаната опрема се планираат од изворните приходи на Буџетот на Општина за 2012 година во износ од 200.000,00 денари.

Средствата за финансирање на Под-Програма ЈН - за поставување на нова урбана опрема се планираат исто така од изворните приходи на Буџетот на Општината за 2012 година, а во износ од 2.000.000,00 денари.

Комисијата за комунални дејности заедно со Градоначалникот да учествува во утврдување на приоритетите во поставувањето на урбаната опрема.

## III. Ј3 - ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Оваа Под-Програма се однесува на користење и одржување на јавното осветлување.

Средствата потребни за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедуваат од комуналната такса за јавно осветлување, согласно Законот за комунални такси и од изворните приходи на Општина Ѓорче Петров за 2012 година.

ПРИХОДИ

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **717116** | **- Приходи од комунална такса за јавно осветлување** | **20.000.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | **20.000.000,00** |

Средствата од оваа Под-Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија од јавно осветлување и за одржување на системите за јавно осветлување (промена на сијалици, осигурувачи, пригушници и сл.) како што следи:

РАСХОДИ

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **421 1 1 0** | **Потрошена електрична енергија од јавноосветлување Одржување на системите на јавното осветлување** | **15.000.000,00** |
| **424390** | **Одржување на улично** | **5.000.000,00** |
| | Тековно одржување на јавно осветлување | 4.000.000,00 |
| | Новогодишно украсување | 1.000.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **20.000.000,00** |

## IV. ЈА - ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Оваа Под-Програма се однесува на изградба на нови системи за јавно осветлување (канделабри, кабли, сијалици и сл.) како и за реконструкција на постојната мрежа за јавно осветлување на локалните патишта, сервисни улици и станбени улици и објекти во енергетика, во износ од 1.500.000,00 денари.

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедуваат од изворните приходи на Општинскиот Буџет за 2012 година, во износ од 1.500.000,00

денари.

## V. J4 - ПОД-ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

За јавната чистота на Општина Ѓорче Петров како Општина која припаѓа во Град Скопје се грижи Јавното претпријатие за Комунална хигиена. Но, со оглед на фактот што Јавното претпријатие не може да ги покрие потребите за чистење на цела територија на Општината, Општина Ѓорче Петров со оваа Под-Програма планира ангажирање на работници кои ќе помогнат во одржувањето на јавната чистота, како и материјални средства потребни за работа на овие работници (метли, кеси, ракавици, кабаници, колички, копачи, лопати и слично)

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма ќе се обезбедат од редовните изворни приходи на Општината во износ од 6.450.000,00 денари, а се распоредуваат во следните расходни позиции:

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **423** | **СИТЕН ИНВЕНТАР, АЛАТ И ДРУГ МАТЕРИЈАЛ** | **450.000,00** |
| 423310 | Униформи | **100.000,00** |
| 423320 | Обувки | **100.000,00** |
| 423910 | Други материјали за специјални намени | **250.000,00** |
| **425** | **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | |
| 425990 | Други договорни услуги | **6.000.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **6.450.000,00** |

Во оваа под-програма спаѓа и следењето на работата на Концесионерот за собирање и управување на комуналниот смет во руралниот дел.Работата на овој концесионер ја следи Комисијата за надзор за навремено и квалитетно вршење на концесиска дејност, преку разледување на извештаите на концесионерот и увидот на работата на истиот на терен, за што пак подесува извештај за својата работа.

## VI. J6 - ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Со оваа Под-Програма се врши распоредување и се уредува начинот на користење на планираните средства за одржување и заштита на локалните патишта и сервисните и станбени улици на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, дефинирани од Советот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Град Скопје бр. 7/99). Средствата за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедува од Агенција за државни патишта на РМ во износ од 4.000.000,00 денари од приходно конто 741113 - Трансфер на буџет на фондови на РМ.

Табела 1

| Подставка | Назив | **Износ** |
|---|---|---|
| 424320 | Поправка и одржување на патишта и улици<br>- Крпење на улици и патишта<br>- Зимско одржување на улици и патишта | <br><br>**2.000.000,00**<br>**2.000.000,00** |
| | **ВКУПНО:** | **4.000.000,00** |

## VII. ЈД - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ

Капиталните расходи на оваа Програма се однесуваат на изградба на локални патишта и улици, како и на реконструкции на постојната патна мрежа.

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедуваат од Агенцијата за државни патишта на Република Македонија и тоа во износ од 800.000,00 денари за 2012 година, од изворни приходи на општински буџет 14.200.000,00 и 80.000.000 Кредит од светска банка.

Распоредот на трошоците за изградба и реконструкција на локалнаите патишта и сервисните и станбени улици ќе се изврши како што следи:

РАСХОДИ

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| 482110 | **Подготвување на проекти, вклучувајќи и дизајн на патишта и улици**<br>- ул. Македонска Преродба<br>- ул. Австралиска<br>- ул. Антон Чехов<br>- ул. Ибе Паликуќа<br>- ул. Панко Брашнаров<br>- ул. Јосиф Ковачев<br>- ул. Новопроектирана по ДУП Алекса Демниевски<br>- ул. Вија Игнатија<br>- ул. Новопроектирана 1 и 2 во Даме Груев<br>- улици по УП вон населено место “Стопански двор” | **6.000.000,00** |
| | **Изградба и реконструкција на улици** | **80.000.000,00** |
| 482120<br><br><br><br><br><br><br><br>482130 | **Изградба на улици и патишта**<br>- ул. Андреа Зограф<br>- ул. Социјал.зора I фаза II делница<br>- ул. Кичевска<br>- ул. Лука Геров краци 1;3;5;5' и 7<br>- ул. Македонска Преродба<br>- дел од локален пат Орман до магистрален пат (Лепенец)<br>**Реконструкција на улици и патишта**<br>- ул. Ангел Винички<br>- ул. Јосиф Даскалов<br>- ул. Панајот Гиновски<br>- ул. Моцартова<br>- дел од ул.Социјалистичка Зора<br>- ул. Борис Бојаџиски<br>- ул. Мице Козар<br>- ул. Ибе Паликуќа<br>- ул.Панко Брашнаров<br>- ул. Јосиф Ковачев<br>- ул. крак Јадранска | |
| 482940 | **Надзор** | **3.000.000,00** |
| 485420 | **Надоместок за одземен имот** | **6.000.000,00** |
| | **ВКУПНО** | **95.000.000,00** |

Во 2012 година ќе се користат и 35.000.000,00 ден. за изградба на локален пат од пруга Ново Село до клучка Стопански двор, обезбедени од Светска банка, и Европска банка преку Агенција за државни патишта.

## VIII. ЈФ - ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Капиталните расходи во оваа Под-Програма се однесуваат на поставување и заменување на сообраќајна сигнализација и заштита на опрема на локални патишта и улици, односно поставување на хоризонтална и вериткална сигнализација, согласно Законот за јавни патишта.

Средствата потребни за финансирање на оваа Под-Програма се обезбедуваат од изворните приходи на Општинскиот буџет за 2012 година и тоа во износ од 1.000.000,00 денари.

Трошоците ќе се однесуваат на подсметка 482120 - поставување на хоризонтална сигнализација (легнати полицајци), пратена со вертикална сигнализација (сообраќајни знаци)

## IX. ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Капиталните расходи во оваа Под-Програма се однесуваат на изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителни системи на територија на Општина Ѓорче Петров, врз основа на Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на отпадни води.

1. Средствата од оваа Под-Програма ќе се употребат за изградба на водоснабдителен систем

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма ќе се обезбедат од:

- Влада на Република Македонија . . . . . . . . . . . . . . 11.600.000,00

Изградбата ќе ја прави Министерство за транспорт и врски

- Буџетот на Општината . . . . . . . . . . . . . . 2.500.000,00
- Самопридонес од граѓани од с.Никиштани . . . . . . . . . . . 2.400.000,00

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **4.900.000,00** |
| 482710 | - Подготвување проекти за водоводи( градски и рурален дел) по потреба<br>- Проект за водовод за ул. 4 во Ново село | 300.000,00 |
| 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување<br>- Изградба на водоводна мрежа во с.Никиштане<br>- Изградба на водоводни мрежи и краци во рурален дел (Стопански двор , Волково , Пржино и Кисела јабука)со средства од грант на Влада на Р.М.целокупна постапката ја води Министерство за транспорт и врски<br>- Доиградба на водоводна мреж во с.Кучково | 4.300.000,00 |
| 482940 | Надзор над изградба | 300.000,00 |

## X. JИ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Во оваа Под-Програма се планира изградба на IV -Фаза на фекална канализација во населените места Волково, Кисела Јабука и Стопански Двор како и изградба на Пречистителна станица. Финансиски средства потребни за оваа Под-Програма ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија и самопридонес на месно население.

- Буџет на РМ ------------------------------------ 55.000.000,00 ден.
- Самопридонес на месно население 61.000.000,00 ден.
- Буџет на Општина Ѓорче Петров 2.900.000,00 ден.

**Вкупно** 118.900.000,00 ден.

482320 Изградба на пречистителна станица Волково 330.000.000,00 - Грант на Влада на Р.М. преку Министерство за Животна средина., целокупната постапка ја води министерство за Животна средина.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **118.900.000,00** |
| 482310 | Подготвување на проекти за одводнување на отпадни води<br>- Проект за канализација со пречистителна станица за с.Никиштане<br>- Проект за канализација со пречистителна станица за с.Орман | 2.400.000,00 |
| 482320 | - Изградба на фекална канализација во реон Волково | 116.000.000,00 |
| 482940 | - Надзор на изградба | 500.000,00 |

## XI. JМ - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАРКОВСКИ ПОВРШИНИ И ЗЕЛЕНИЛО

Во оваа Под-Програма се планира реконструкција и одржување на парковските површини на територија на Општина Ѓорче Петров во висина од 1.500.000,00 денари кои ке се обезбедат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

## XV. J7 – ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Средствата за оваа Под-Програма во износ од 900.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров

Од оваа програма се трошат средства кои се поврзани со оддржување на зелени површин ии парковско уредување, како што е потрошок на вода од јавни

чешми и фонтани, потрошок на електрична енергија од пумпи за водите од фонтани, материјали за чистење на фонтани, како и за одржување на јавно зеленило.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **421** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **400.000,00** |
| 421110 | Електрична енергија | 200.000,00 |
| 421120 | Водовод и канализација | 200.000,00 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **500.000,00** |
| 424440 | Поправки и одржување на опрема | 500.000,00 |
| | **Вкупно** | **900.000,00** |

### XVI. Ј8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

Средствата за оваа Под-Програма во износ од 600.000,00 денари ке се обезбедат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **424** | **ПОПРАВКА И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | **600.000,00** |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекцијан и дератизација | 300.000,00 |
| 424390 | Одржување на други градби | 300.000,00 |

### XVII. ЈЕ – ИЗГРАДБА НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

Средствата за оваа Под-Програма во износ од 1.000.000,00 денари ке се обезбедат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | |
| 482920 | Изградба на други објекти | 1.000.000,00 |

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежен за реализација на основната Ј Програма - комунални дејности со сите Под-Програми е Градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-Програма содржана во истата.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3090/5**
**29.11.2011 година**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Извештај за реализација**
**на Програмата за култура и подршка на невладиниот сектор во 2011 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за култура и подршка на невладиниот сектор во 2011 година што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/4**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа културата и поддршката на невладинот сектор во 2011 година**

Скопје, Ноември 2011 година

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа културата и поддршката на невладинот сектор во 2011 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2011 година, се:

- Институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти од значање за Општината;
- Негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;
- Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво и
- Одбележување на настани и личности од значање за Општината;

## II. АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на Програмата Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон одржување на континуитетот на традиционалните културни манифестации.

Во текот на 2011 година, во Општина Ѓорче се планира да се организираат следните културни активности:

| Ред. број | I.Организирање на културни манифестации | рок | носител |
|---|---|---|---|
| 1. | Прослава на Водици | Јануари | Општина Ѓ.Петров<br>Одд. За работи на Граоначалникот и јавни дејности |
| 2. | Доделување на награди и признанија за најдобро украсен двор и куќа | Јануари | Општина Ѓ.Петров<br>Комисија за награди и признанија |
| 3. | Четврта ликовна колонија *Кучково 2010* | април | Општина Ѓорче Петров<br>Наставници по ликовно од основните училишта |
| 4. | Прослава на Денот на Крстот Кучково | мај | Општина Ѓорче Петров<br>и МЗ Кчково |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | Прослава на празникот на Општината 28 јуни | јуни | Општина Ѓ.Петров<br>Одд. и јавни дејности |
| 6. | Доделување на награди и признанија по повод Празникот на Општината | Јуни | Општина Ѓ.Петров<br>Комисија за награди и признанија |
| 7. | Одбележување на денот на паднатите бранители во 2001 г. | Август | Општина Ѓ.Петров<br>Одд.за јавни дејности |
| 8. | Фолклорна вечер со познати естрадни уметници | Реонски парк 25 јуни 2011 во 20,30 часот | Општина Ѓорче Петров<br>Одд. за јавни дејности |
| 9. | Меѓунадоден детски фолклорен собир | Јуни | Општина Ѓ.Петров<br>Одд.за јавни дејности |
| 10. | Концерт на хорот при МКЦ-Дела од мак. автори | 26.06.2011 | св.Петар и Павле-Ѓорче Петров |
| 11. | Одбележување на државни празници во 2010 год. | 2. август<br>8.септември<br>11.октомври<br>и друго | Општина Ѓ.Петров |
| 12. | Одбележување на ослободувањето на Ѓ.Петров и Град Скопје | Ноември | Општина Ѓ.Петров |
| | II.Поддршка на установи и НВО од областа на културата | | |
| 1. | Поддршка на програмата на КУД Григор Прличев | | Општина Ѓорче Петров |
| 2. | Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото | | Општина Ѓорче Петров |
| | Вкупно: | | / |

И оваа година со Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2011 година е предвидено да се организира:

**КУЛТУРНО ЛЕТО - ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2011 ГОДИНА**

| ре д. бр. | активност | рок и место на одржување | носител | учесници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Отварање на манифестацијата | Јуни реонски парк | Општина Ѓ.Петров | Фолк концерт |
| 2. | Целовечерен концерт на КУД Григор Прличев | Јуни реонски парк | Општина Ѓ.Петров | КУД Глигор Прличев и нивни гости |
| 3. | Фолк Концерт | Јули Реонски Парк | Општина Ѓ.Петров | Фолк концерт |
| 4. | Концерт на млади фолк пеачи | Јули Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Не се одржа поради временски неприлики |
| 5. | Гостување на Детскиот фестивал *Залатно славејче* | јули. Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Златно славејче и Којче Китаноски |
| 6. | Хумористична-забавна вечер | Јули Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров и Хајнекен | Д.Мешковски, К.крстева, К.Ангеловски, М.Крстевски,НА.Наковска |
| 7.<br><br>8. | Настап на Фолклорни градски КУД-ви<br><br>Настап на Танчерски латино школи од Скопје | Јули Реонски Парк<br><br>Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров<br><br>Општина Ѓорче Петров | Културно-уметнички ансамбли<br><br>Не се одржа поради временски неприлики |
| 9. | Ревија на народни носии од скопско | Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Не се одржа поради временски неприлики |
| 10. | Хумористична претстава | Јули О.У.Мирче Ацев | Општина Ѓорче Петров | Глумци од Драмски театар |
| 11. | Фолклорна вечер | Јули. Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Е.Пупиновски, С.Гавазова, Нена и други |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Изведба на детски песни | Август Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Деца од ОУ Страшо Пинџур- Соната |
| 13. | Поп концерт со познати поп пејачи | Август Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Не се одржа поради временски неприлики |
| 14. | Хумористично-забавна вечер | август | Општина Ѓорче Петров | Гоце Т.<br>Ванчо П. |
| 15. | Изведување на обработки од народни песни | Август р.Парк | Општина Ѓорче Петров | ученици од СМУЦ |
| 16. | Хумористична престава *Гол до кожа* | Август Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Не се одржа поради временски неприлики |
| 17. | Театарска престава комедија | Август О.У.Мирче Ацев | Општина Ѓорче Петров | Не се одржа поради временски неприлики |
| 18. | Поетска вечер познати писатели | Август р.парк | Општина Ѓорче Петров | Македонски поети |
| 19. | Концерт на Б.Додева | Август Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Не се одржа поради временски неприлики |
| 20. | Настап на квартет хармоникаши | Август Р.Парк | Општиња Ѓорче Петров | хармоникаши од музичка академија |
| 21. | Целовечерен концерт на Академци | Септември Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Група Академци |
| 22. | Целовечерен концерт на гр. Биоритам | Септември Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Не се одржа поради временски неприлики |
| 23. | Фолклорно-хумористична вечер | Сепптември Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Група пејачи и глумци |
| 24. | Завршна вечер | Септември Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | КУД Г.Прличев,познати естрадни звезди и хумористи |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е реализирано од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2011 година, како што следи:

1. Транспорт на луѓе што опфаќа превоз по повод празникот Ден на Крстот
- превоз на ученици на натпревари, превоз на делегации до Кушадаси, Турција.
Вкупно: 100.000.00 денари

2. Пехрамбени продукти и пијалаци 316,135,00 ден.

- Дена на крстот(1-ви Мај) 115.008,00 ден.
- Празник на Општината (28 Јуни) 25.333,00 ден.
- Манифестации од верски карактер, невладини организации
и натпреварување на ученици од локалните училишта 175.795,00 ден.

3. Услуги за копирање , печатење и издавање 350.300,00ден.

- Ден на крстот 100.300,00 ден.
-Печатење и изработка на видео матерјали 250.000,00 ден.

4. Договорни услуги 261.583,00 ден.

- Ден на Крстот 48.413,00 ден.
- авторски надоместоци на учесници на празниците
Ден на крстот , Празникот на општината и слика од
Авторот Зафировска Снежана 213.170,00 ден.
(поклон за Кушадаси-градоначалник).

5. Други оперативни расходи 107.596,00 ден.

- Ден на Крстот 20.674,00ден.-

Огномет за Бадник
- Реклами за Ден на Крстот
- Изработка на фотографии за Ден на крстот,
Турска делегација, простор во Руската енциклопедија
за Општината Ѓ. Петров 86.922,00 ден.

6. Трансфери до Здруженија на граѓани и фондации 77,000,00 ден.

- Покривање на дел од трошоци на КУД Глигор Прличев
за учество на домашна и меѓународна сцена и учество
на Културно лето -Ѓ. Петров 2011-, Гора Фест,
(фестивал на македонците од муслиманска вероисповест)
и Мак- Филиграни.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Ѓорче Петров, културните манифестации ќе ги помага и со:
почесно покровителсто;
доделување на награди и признанија;
обезбедување на техничка и друга помош;
учество на промотивни и протоколарни средби;

## V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од ова Програма ќе се одвива преку Комисијата за култура,спорт,млади, признанија и награди и Одделението за работи на Градоначалниклот и дејности од јавен интерес.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-3090/6**
**Од 29.11.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2012 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2012 година што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/5**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладинот сектор во 2012 година

Скопје, Ноември 2011 година

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа културата и поддршката на невладинот сектор во 2012 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2012 година, се:

Институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти од значање за Општината;

Негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности;

Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво и

Одбележување на настани и личности од значање за Општината;

## II. АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на Програмата Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон одржување на континуитетот на традиционалните културни манифестации.

Во текот на 2012 година, во Општина Ѓорче се планира да се организираат следните културни активности

| Ред. број | Организирање на културни манифестации | рок | носител | Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Прослава на Водици | Јануари 2012 | Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни дејности | 30.000,00 ден. |
| 2. | Доделување на награди и признанија за најдобро украсен двор и куќа | Јануари 2012 г | Општина Ѓ.Петров Комисија за награди и признанија | 20.000,00 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Трета ликовна колонија *Кучково 2012* | април | Општина Ѓорче Петров Наставници по ликовно од основните училишта | 50.000,оо ден |
| 4. | Посета на гробот на патронот Ѓорче Петров во Софија Р, Бугарија | април 2012 | Општина Ѓорче Петров одделение за работи на градоначалникот и работи од јавен интерес | 100.000,00 ден. |
| 5. | Прослава на денот на Крстот Кучково | мај -2012 | Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково | 400.000,оо ден |
| 6. | Учество на Денот на детето во Р Рурција-Кушадаси | април | Општина Ѓорче Петров одделение за работи на градоначалникот и работи од јавен интерес | 180.000,00 ден. |
| 7. | Прослава на празникот на Општината 28.јуни | јуни | Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни дејности | 224.000,00 ден |
| 8. | Доделување на награди и признанија по повод Празникот на Општината | Јуни г. | Општина Ѓ.Петров Комисија за награди и признанија | 30.000,оо ден. |
| 9. | Одбележување на денот на паднатите бранители во 2001 | август | Општина Ѓ.Петров Одд.за јавни дејности | 20.000,оо ден. |
| 10. | Фолклорна вечер со познати естрадни уметници | Јуни | Општина Ѓорче Петров Одд. за јавни дејности | 30.000,оо ден. |
| 11. | Меѓунадоден детски фолклорен собир | Јуни | Општина Ѓ.Петров Одд.за јавни дејности | 50.000,оо ден |
| 12. | Концерт на хорот при МКЦ-Дела од мак. автори | Јуни | св.Петар и Павле-Ѓорче Петров | . 20.000,оо |
| 13. | Одбележување на државнипразници | тековно | Општина Ѓ.Петров | 30.000,оо ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во 2012 год. | | | |
| 14. | Одбележување на ослободувањето на Ѓ.Петров и Град Скопје | 14.11.2012 13.11.2012 | Општина Ѓ.Петров | 30.000,оо ден |
| | II.Поддршка на установи и НВО од областа на културата | | | |
| 1. | Поддршка на програмата на КУД Григор Прличев | концерти и гостувања | Општина Ѓорче Петров | 100.000,оо ден |
| 2. | Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото | активности на невладините организации во рамките на опш. | Општина Ѓорче Петров | 150.000,оо ден. |
| | Вкупно: | | | 1.464.000,ооден. |

И оваа година со Програмата за активностите на општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2012 година е предвидено да се организира:

**КУЛТУРНО ЛЕТО - ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2012 ГОДИНА**

| ред. бр. | активност | рок и место на одржување | носител | учесници | предвидени средства во Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Отварање на манифестацијата | Јуни | Општина Ѓ.Петров | ПОП пеачи | 90.000 ден |
| 2. | Целовечерен концерт на КУД Григор Прличев | Јуни | Општина Ѓ.Петров | КУД-ови | 20.000 ден. |
| 3. | Фолк Концерт | Јули Р.Парк | Општина Ѓ.Петров | познати естрадни имиња | 14.000 ден |
| 4. | Концерт на млади фолк пеачи | Јули Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | познати естрадни имиња | 20.000 ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Гостување на Детскиот фестивал *Залатно славејче* | јули. Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Деттски фестивал | 10.000 ден. |
| 6. | Хумористична-забавна вечер | Јули Реонски Парк | Општина Ѓорче Петров | Познати пеачи и актери | 20.000 ден |
| 7. | Настап на Фолклорни градски КУД-ви | Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Кутурно-уметнички ансамбли | 40.000 ден |
| 8. | Настап на Танчерски латино школи од Скопје | Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Танчерски школи | 40.000 ден |
| 9. | Ревија на народни носии од скопско | Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | повеќе КУД-ви | 30.000 ден |
| 10. | Хумористична претстава | Јули Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Глумци од Драмски театар | 15.000 ден |
| 11. | Фолклорна вечер | Јули. Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Познати фолк пеачи | 32.000 ден |
| 12. | Изведба на детски песни | Август Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Деца од ОУ | 20.000 ден |
| 13. | Поп концерт со познати поп пејачи | Август Реонски парк | Општина Ѓорче Петров | Познати поп пејачи | 40,000 ден |
| 14. | Хумористично - забавна вечер | август | Општина Ѓорче Петров | Познати естрадни имиња и актери | 30.000 ден |
| 15. | Изведување на обработки од народни песни | Август р.Парк | Општина Ѓорче Петров | ученици од СМУЦ | 20.000 ден |
| 16. | Хумористична престава *Гол до кожа* | Август Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | театар КРИК | 32.000 ден |
| 17. | Поетска вечер познати писатели | Август Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Македонски поети | 20.000 ден |
| 18. | Концерт на поп-пејачка | Август Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Поп-пејачка и нејзини гости | 40.000 ден |
| 19. | Настап на квартет хармоникаши | Август Р.Парк | Општиња Ѓорче Петров | хармоникаши од музичка академија | 12.000 ден |
| 20. | Целовечерен концерт на музичка | Септември Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Музичка Група | 25.000 ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | група | | | | |
| 21. | Целовечерен концерт на музичка група | Септември Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Музичка Група и нивни гости | 25.000 ден |
| 22. | Фолклорно-хумористична вечер | Сепптември Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | Група пејачи и глумци | 30.000 ден |
| 23. | Завршна вечер | Септември Р.Парк | Општина Ѓорче Петров | КУД Г.Прличев,поз-нати естрадни звезди и хумористи | 30.000 ден |
| 24. | Подвижна музејска поставка “Општина Ѓорче Петров, вчера,денес,утре” и “Музеј на Малиот воз” | септември | Општина Ѓорче Петров Министерство за култура, Македонски железници и професор Марјан Димитриевски | Општина Ѓорче Петров одделение за работи на градоначалникот и работи од јавен интерес . | 400.000.00 ден. |
| | Вкупно: | | | | 1.058,000. 0о ден |

**ПРОГРАМА**
**ПРЕДВИДЕНА ЗА ВО ДОМОТ НА КУЛТУРА ““ЃОРЧЕ ПЕТРОВ”**
**за 2012 година:**

| ред. бр. | активност | рок и место на одржување | носител | учесници | предвиден и средства во Буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Театарска престава | Јануари | Општина Ѓорче Петров | Гости од Драмски театар Скопје | 35.000,00 ден. |
| 2. | Концерт на учесници од СМБУЦ Луј Николовски Скопје | Јануари | Општина Ѓорче Петров | Гости од СМБУЦ Л.Николовски | 10.000,00 ден |
| 3. | Детска претстава (куклен театар) | Јануари | Општина Ѓорче Петров | Актери од Театар за деца и младинци | 10.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Реприза на Златно славејче 2011 | Февруари | Општина Ѓорче Петров | Детски фестивал | 10.000,00 ден |
| 5. | Хумористичко-музичка вечер | февруари | Општина Ѓорче Петров | Познати имиња од македонската Естрада и актери од Драмскиот театар | 15.000,00 ден |
| 6. | Монодрама *Јас и татко ми* -познат актер | Февруари | Општина Ѓорче Петров | Познат Актерот | 30.000,00 ден |
| 7. | Осмомартовска средба на вработените во Општината и училиштата | Март | Општина Ѓорче Петров | Вработените во Општината и училиштата | 10.000,00 ден. |
| 8. | Кексијата (натпреварувачка вечер за избор на најдобри колачи) и ќе има хуманитарен карактер | Март | Општина Ѓорче Петров | Натпреварувачи од сите скопски општини на Град Скопје | 10.000,00 ден. |
| 9. | Фолклорна вечер | Март | Општина Ѓорче Петров | Културно-уметнички друштва од градот Скопје | 20.000,00 ден |
| 10. | Училишни музички смотри | Март | Општина Ѓорче Петров | Учество ќе земат ученици од ОУ во Општината | 20.000,00 ден |
| 11. | Априлијада - Избор на најубава маска | Април | Општина Ѓорче Петров | Учество ќе земат ученици од ОУ во Општината | 15.000,00 ден |
| 12. | Драмска престава ФИЛИП ВТОРИ | Април | Општина Ѓорче Петров | Познат Актер | 15.000,00 ден |
| 13. | Поетски средби | Април | Општина Ѓорче Петров | Познати македонски поети | 20.000,00 ден |
| 14. | Концерт (македонски фолклор) | Април | Општина Ѓорче Петров | Националниот Ансамбл ТАНЕЦ | 30.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Ликовна изложба | Октомври | Општина Ѓоре Петров | студенти од ФЛУ | 20.000,00 ден |
| 16. | Драмска претстав | Октомври | Општина Ѓорче Петров | Драмски театар | 30.000,00 ден |
| 17. | Модна ревија | Ноември | Општина Ѓорче Петров | Ученици од гимназија Кочо Рацин | 10.000,00 |
| 18. | Новогодишна гала музичка претстава Концерт на сериозна музика | Декември | Општина Ѓорче Петров | Гудачки квартети | 60.000,00 ден |

Вкупно: 370.000,00 ден.

1. Заради заштеда на енергија и намалување на трошоци за одржување, дел од културната програма ќе се одржува во Реонскиот парк, како воспоставена традиција , кога временските услови ќе го дозволат тоа .
2. Во програмата на Домот на култура Ѓорче Петров се планира и самофинансирање, т.с. издавање на Домот под наем за одредени намени.
3. Цената за наемнина ќе зависи од условите и побарувања од нарачателите за копристење на опремата со која располага домот.
4. Сите термини кои ќе бидат слободни а ќе бидат од јавен интерес на граѓаните ќе се испочитуваат од одговорните во Домот на култура Ѓорче Петров.
5. За потребите на Градоначалникот и Советот при општината, термините ќе се договараат со одделението за работи на градоначалникот во координација со управителот на Домот на култура.
6. За потребите на училиштата и градинката од нашата општина салата ќе се издава бесплатно.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со ова Програма е предвидено во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес кои ќе се појават во текот на 2012 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА

Освен со финансиски средства Општина Ѓорче Петров, културните манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителсто;
- доделување на награди и признанија;
- обезбедување на техничка и друга помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;

## V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од ова Програма ќе се одвива преку Комисијата за култура,спорт,млади, признанија и награди и Одделението за работи на Градоначалниклот и дејности од јавен интерес.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-3090/7**
**Од 29.11.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Извештајот за релизација на активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор во 2011 година**

Се објавува Извештајот за релизација на активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор во 2011 година што Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/6**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

СОВЕТ НА ОПШТИНАЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

**ИЗВЕШТАЈ**
**За реалиизација на Програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2011 година**

Скопје, Ноември 2011 година

**ИЗВЕШТАЈ**

**За реалиизација на Програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2011 година**

## I. ЦЕЛИ

Во реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во 2011 година, главно се задоволени Основни цели:

1. Учество на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на младите;
2. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, посебно младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
3. Преку спортот и рекреацијата, афирмација на Општината како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа;
4. Создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните спортски активности;

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на ова Програма, Општина Ѓорче Петров ги превземе сите потребни активности и ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

Активностите најмногу се насочуваа кон сочувување на континуитетот на традиционалните манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на здруженија на граѓани, екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и ја афирмираа Општина Ѓорче Петров во државата и надвор од неа.

Во текот на 2011 година, согласно програмате се реализирани слдниве активности :

<table>
<tr><th>Ред.<br>број</th><th>I.Спортски<br>манифестации</th><th>одржан</th><th>носител</th><th colspan="2">Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров</th></tr>
<tr><td rowspan="2">1.</td><td rowspan="2">Бон-бон куп<br>Забавно спортска рекреација за деца од 7-12 години</td><td rowspan="2">09.06.<br>2010 год.</td><td rowspan="2">Отворени забавни фудбалски школи Македонија Скопје<br>Општина Ѓ.Петров</td><td>предвидени</td><td>портошени</td></tr>
<tr><td>12.000 ден.</td><td>За превоз на ученици</td></tr>
<tr><td colspan="6">Бон- бон купот е забавно спортска ракраација за деца од 7-12 години и е настан кој се одржа на ден 09.06. 2011 година на стадионот на Ф.К.Македонија на кои учествуваа 250 ученици. Госити на манифестацијата беа естрадните звезди од македонската естрада.<br>Манифестацијата ја отвори градоначалникот г-дин Сокол Митровски</td></tr>
<tr><td rowspan="2">2.</td><td rowspan="2">Турнир во мал фудбал помеѓу општините во Град Скопје</td><td rowspan="2">втора половина на месец јуни</td><td rowspan="2">Општина Ѓ.Петров<br>Одд. за јавни дејности</td><td>предвидени</td><td>портошени</td></tr>
<tr><td>35.000 ден</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="6">Не се реализираше од причини што не се пријавија доволен број на учесници</td></tr>
<tr><td rowspan="2">3.</td><td rowspan="2">Традиционален крос натпревар за ученици од Основните Училишта</td><td rowspan="2">28.06.11г.</td><td rowspan="2">Општина Ѓ.Петров<br>Одд. за јавни дејности</td><td>предвидени</td><td>портошени</td></tr>
<tr><td>26.000 ден.</td><td>За<br>Маици,<br>дипломи,</td></tr>
<tr><td colspan="6">По повод празникот на Општината се одржа „традиционалниот крос„ на ученици од Основните училишта на територија на Општина Ѓорче Петров. Кросот беше од равијален натпреварна кои учествуваа околу 70 ученици, кои трчаа на однапред предвидена патека односно по ул. 4 јули до раскрсницата со ул. Македонска војска, па лево према паркот односно споменикот Ѓорче Петров. За сите учесници беа обезбедени маици. Прво пласираниот ученик беше Филип Бодески, второ пласиран Драган Максимовиќ и третиот Дејан Ристоски сите од О.У.Јоаким Крчовски. Градоначалникот г-дин. Сокол Митроски на најдобрите им подели дипломи и медаљи.</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>Општина Ѓ.Петров</td><td>предвидени</td><td>портошени</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>4.</td><td>Турнир во шах</td><td>27.06.11г.</td><td>Одд. за јавни дејности</td><td>50.000 ден.</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="6">Не се реализираше од причина што немаше иницијатива од Месните Заедници</td></tr>
<tr><td rowspan="2">5.</td><td rowspan="2">Традиционален кајак на диви води</td><td rowspan="2">27.06.11</td><td rowspan="2">Кајакарски клуб Ластовица Скопје</td><td>предвидени</td><td>портошени</td></tr>
<tr><td>30.000 ден.</td><td>/</td></tr>
<tr><td colspan="6">Не се реализираше од причина што немаше иницијатива од Кајакарски клуб Ластовица Скопје</td></tr>
<tr><td rowspan="2">6.</td><td rowspan="2">Традиционален турнир во мал фудбал во УЗ Даме Груев и други УЗ и МЗ</td><td rowspan="2">11.09.<br>2011 год.</td><td rowspan="2">УЗ*Даме Груев*<br>Општина Ѓорче Петров и др.УЗ и МЗ</td><td>предвидени</td><td>портошени</td></tr>
<tr><td>50.000 ден</td><td>За маици дипломи,<br>пехари</td></tr>
<tr><td colspan="6">Во организација на организационен одбор од УЗ*Даме Груев*Општина Ѓорче Петров беше одршан Традиционалниот турнир во мал фудбал кои се играше на фудбалското игралиште во О.У. Страшо Пинџур. На турнирот учество земаа вкупно 14 екипи, кои беа поделени во две групи. Финалниот натпревар го проследи и градоначалникот г-дин. Сокол Митровски кои на најуспешните екипи ги додели наградите.</td></tr>
<tr><td></td><td>II.Поддршка на НВО</td><td>одржан</td><td>носител</td><td colspan="2">Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров</td></tr>
<tr><td rowspan="2">1.</td><td rowspan="2">Поддршка на финансиската програма на Сојузот на училишен спорт *Ѓорче Петров*</td><td rowspan="2">во текот на годината</td><td rowspan="2">Општина Ѓорче Петров<br>Сојуз на училишен спорт</td><td>предвидени</td><td>портошени</td></tr>
<tr><td>350.000,$^{00}$ ден</td><td>188.931,оо ден<br>+<br>За маици,превоз, медаљи,пехари</td></tr>
<tr><td colspan="6">Во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт Ѓорче Петров за учебната 2010/11 година се одиграле три лиги во мал фудбал, кошарка и ракомет и еден турнир во шах, а се одиграле вкупно 57 натпревари, во кои присуствувале околу 1.710 ученици како натпреварувачи и околу 13.110 гледачи (претежно ученици), а беа предводени од вкупно 12</td></tr>
</table>

водачи на екипи.

**- деталниот Извештај е доаставен до Советот на Општина Ѓпрче Петров**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Отворена забавна фудбалска Школа Ѓорче Петров | 17-21.08. 2011 год | Општина Ѓ.Петров<br>Отворени забавни фудбалски школпи Македонија Скопје | предвидени<br>130.000 ден. | портошени<br>**119.000,оо ден**<br>+<br>***За превоз на уценици*** |

Во организација на Отворени забавни фудбалски школпи Македонија на стадионот "Млади Лавови" во периодот од 17- 21 август се одржа фудбалската забавна школа за ученици од 7 до 12 години. На школата земаа учество околу 300 ученици за кои од страна на школата беа обезбедени маици, капчиња и сендвичи секој ден.

**- деталниот Извештај е доаставен до Советот на Општина Ѓпрче Петров**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | Поддршка на врвни спортисти и млади талентирани спортисти | тековно | Општина Ѓ.Петров | предвидени<br>150.000 ден. | портошени<br>**46.000,оо ден** |

За Ристо Јанев- за меѓународен пливачки турнир ..........................................10.000,оо ден

За Игор Трајчевски- специјална Олимпијада во Атина ..................................10.000,оо ден

За Доне Георгиевски- меѓународен турнир во шах .........................................10.000,оо ден

За Никола Додлев – за европско првенство во ватерполо...............................10,000,оо ден

За Кристијан Андреев од Боксерски клуб "Аперкат" за турнир ......................6.000,оо ден

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | Набавка на спортска опрема и реквизити | тековно | Општина Ѓ.Петров | предвидени<br>80.000 ден. | портошени<br>**4.261,50 ден** |

Мрежи за ракометарски голови за Сала Христо Батанџиев............................. 4.261,50 ден.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | Поддршка на спортски клубови | тековно | Општина Ѓ.Петров | предвидени | портошени |
| | | | | 200.000 ден | **220.000,оо ден.** |

Ф.К Волково ( за котизација за учество во лига)................................................. 60.000,оо ден.

Ф.К Македонија ( младинци - за котизација за учество во лига).......................... 15.000,оо ден.

Ф.К Македонија( за котизација за втора лига).................................................. 100.000,оо ден.

Танцов Клуб Бранимир и Бранкица ( за учество на меѓународен турнир)...........10.000,оо ден.

Карате клуб Ѓорче Петров ( за учество на меѓународен турнир)........................15.000,оо ден.

Кошаркарски клуб Квиско-Баскет (за организирање меѓународен турнир) ....... 10.000,оо ден.

Ракометен клуб Ѓорче Петров (за котизација за учество во лига) ......................10.000,оо ден.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Поддршка на меморијални турнир | тековно | Организациони одбори од Општина Ѓорче Петров | предвидени | портошени |
| | | | | 100.000 ден. | **10.000,оо ден** + ***За маици,превоз, пехари,медаљи)*** |

“II Меморијален турнит–Љупчо Неделковски“.............................................. 10.000,оо ден.

Меморијален турнир во мал фудбал“Дарко Брнарчевски“ ................ ***(Маици, пехари,медаљи)***

Меморијален турнир во мал фудбал “Ивица Златевски – Цуци“ ...... ***(Маици, пехари,медаљи)***

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупен износ на финансиски сретства** | **Предвидени** | **Портошени** |
| | **1.243.000,оо** | **588.192,5о** |

## III. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДРШКА

| | |
|---|---|
| **1. За сите напред наведени активности, потрошен се и сретства за следниве намени:** | |
| - за транспорт на луѓе (ученици) ................................................................ | 47.600.оо ден. |
| - за пренхранбени продукти ........................................................................ | 22.700.оо ден. |
| -услуги за копирање, печатење и издавање (фотографирање, маици, пехари, медаљи) ........................................................................................ | 645.872,оо ден. |
| - други оперативни расходи (сместување наставници ) ......................... | 2.444.оо ден. |
| | **Портошени** |
| | **718.616,оо ден** |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПЕН ИЗНОС НА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:** | **ПРЕДВИДЕНИ** | **ПОРТОШЕНИ** |
| | **1.243.000,оо ден** | **1.306.808,5о ден** |

Од планираните **1.243.000,оо** денари во програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацјата, и подршката на невладиниот сектор во 2011 година, потрошени се вкупно **1.306.808,5о** денари.

**Број 07-3090/8**
**Од 29.11.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работата на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров за 2011 година и Извештај за работа на Отворена забавна фудбалска школа за 2011 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештај за работата на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров за 2011 година и Извештај за работа на Отворена забавна фудбалска школа за 2011 година што Советот на Општина Ѓорче Петров ги донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/7**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата Седница одржана на ден 29.11.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за работата на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров за 2011 година и Извештај за работа на Отворена забавна фудбалска школа за 2011 година**

**Член 1**

Се усвојуваат, Извештајот за работата на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров за 2011 година и Извештајот за работа на Отворена Забавна Фудбалска Школа за 2011 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ″Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров″.

**Број 07-3090/9**
**29.11.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување на Програма за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката невладиниот сектор во 2012 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката невладиниот сектор во 2012 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/8**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

СОВЕТ НА ОПШТИНАЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор во 2012 година**

Скопје, Ноември 2011 година

Врз основа на член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата седница одржана на ден 29.11.2011 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа**
**на спортот, рекреацијата и поддршката на**
**невладинот сектор во 2012 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во 2012 година, се:

1. Учество на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на младите;
2. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, посебно младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
3. Преку спортот и рекреацијата, афирмација на Општината како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа;
4. Создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните спортски активности;

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на ова Програма, Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

Активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и ја афирмираат Општина Ѓорче Петров во државата и надвор о д неа.

Во текот на 2012 година, во Општина Ѓорче Петров се планира да се спроведат следните спортски активности.

| Ред. број | I.Спортски манифестации | рок | носител | Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Бон-бон куп** Забавно спортска рекреација за деца од 7-<br>12 години | 9.06.12г. | Отворени забавни фудбалски школи Македонија Скопје Општина Ѓ.Петров | 15.000 ден. |
| **2.** | **Традиционален крос** натпревар за ученици од Основните училишта | 28.06.12г. | Општина Ѓ.Петров Одд. За јавни дејности | 30.000 ден. |
| **3.** | **Турнир во шах** | 27.06.12г. | -Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни деј.<br>-У.З. Даме Груев | 50.000 ден. |
| **4.** | **Турнир во мал фудбал** помеѓу Општините во град Скопје | 27.06.12г | -Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни деј. | 50.000 ден. |
| 5. | **Традиционалени турнири**<br>во мал фудбал на УЗ и МЗ | Мај-октомври 2012г. | Урбани и месни заедници | 50.000 ден |
| **6.** | Подршка на **Меморијални турнири** | Август - октомври 2012г. | Организациони одбори | 100.000 ден |
| **7.** | **"20 години олимписко движење во Македонија"** | 20.03.2012 | - Општина Ѓ.Петров<br>Одд. за јавни деј.<br>- Македонски олмписки комитет | 60.000 ден |
| | **II.Поддршка на НВО** | **рок** | **носител** | **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** |
| **8.** | **Мото крос**<br>Орман 2012 година | 1.01-31-12.2012 г. | Мото клуб "Вардар" Скопје | 30.000 ден. |
| **9.** | **Општински Сојуз на општински училишен спорт Ѓорче Петров** | Тековно низ цела година | Општински Сојуз на општински училишен спорт Ѓорче Петров | 450.000 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | **Отворена забавна фудбалска Школа Ѓорче Петров** | Јули-Август | Општина Ѓ.Петров Отворени забавни фудбалски школпли Македонија Скопје | 120.000 ден. |
| **11.** | Организирање на **воспитно – образовна едукација за превентива** на учениците | Феб.- јули | Општина Ѓ.Петров Одд. за јавни дејности | 200.00 ден. |
| **12.** | Поддршка на **врвни спортисти** | Тековно | Општина Ѓ.Петров | 100.000 ден. |
| **13.** | Поддршка на **млади талентирани спортисти** | Тековно | Општина Ѓ.Петров | 100.000 ден |
| **14.** | Поддршка **спортски клубови** | Тековно | Општина Ѓ. Петров | 300.000 ден. |
| **15.** | Набавка на **спортска опрема** и реквизити | Тековно | Општина Ѓ.Петров | 100.000 ден. |
| **Вкупен износ на финансиски сретства:** | | | | **1.755.000 ден** |
| | **III. СТОКИ И УСЛУГИ** | **рок** | **носител** | **Предвидени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.Петров** |
| **1.** | **Комунални, услуги, греење комуниказија и транспорт** | тековно | Општина Ѓ.Петров | 200.000 ден |
| **2.** | **Услуги за копирање, печатење и издавање** | тековно | Општина Ѓ.Петров | 600.000 ден |
| **3.** | **Одржавање на постојните објекти** | тековно | Општина Ѓ.Петров | 2.000.000 ден |
| **Вкупен износ на финансиски сретства:** | | | | **2.800.000 ден** |
| **Вкупен износ на финансиски сретства:** | | | | **4.555.000 ден** |

**III. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со ова Програма е предвидено во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година.

Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес кои ќе се појават во текот на 20120 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ПОДДРШКА**

Освен со финансиски средства Општина Ѓорче Петров, спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителсто;
- доделување на награди и признанија;
- обезбедување на техничка и друга помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- организирање на трибини, форуми и дебати за младите на теми од нивен интерес и
- организирање на кампањи за потенцирање на здравиот начин на живеење.

**V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата и следењето на активностите од ова Програма во делот на спортот ќе се одвива преку Комисијата за култура,спорт,млади, признанија и награди и Одделението за работи на градоначалникот и дејности од јавен интерес.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-3090/10**
**од 29.11.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров со финансов план за 2012 година и Договор за меѓусебна соработка за организација на Отворени Забавни Фудбалски Школи 2012 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Програмата за работа на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров со финансов план за 2012 година и Договорот за меѓусебна соработка за организација на Отворени Забавни Фудбалски Школи 2012 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/9**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-тата Седница одржана на ден 29.11.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за работа на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров со финансов план за 2012 година и Договор за меѓусебна соработка за организација на Отворени Забавни Фудбалски Школи 2012 година**

**Член 1**

Се усвојуваат Програмата за работа на Општински Сојуз на Училишен Спорт Ѓорче Петров со финансов план за 2012 година и Договорот за меѓусебна соработка за организација на Отворени Забавни Фудбалски Школи 2012 година.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-3090/11**
**29.11.2011 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Програма за остварување на социјална заштита**
**во Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

Се објавува Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2012 година што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четериесетишестата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 29.11.2011 година.

**Број 08-3193/10**
**од 30.11.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
СКОПЈЕ

**ПРОГРАМА**
**за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров**
**за 2012 година**

Скопје, Ноември 2011 година

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02),а во согласност со член 15 став 1 точка 7 од Законот за град Скопје (Службен Весник на РМ број 55/04), член 3, член 11, член 12 и член 214 став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ број 79/09), и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 46-та седница, одржана на ден 29.11.2011 година, ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2012 година**

## I. ПОЈДОВНА ОСНОВА НА ПРОГРАМАТА

Програмата за остварување социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2012 година, има за цел подобрување на пристапот и квалитетот на социјалната заштита и прецизирање на мерките и активностите преку кои општината ќе ја спроведува социјалната заштита, и тоа:

Со програмата се врши усогласување на социјалната заштита која општината ја дава согласно нејзините надлежности утврдени во законските и подзаконските акти, а во рамки можностите утврдени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, со потребите на граѓаните од подрачјето на Општина Ѓорче Петров. Програмата за остварување социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2012 година, се носи согласно Националната програма за остварување на социјалната заштита, донесена од страна на Владата на РМ.

## II. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Општина Ѓорче Петров, со цел обезбедување на социјална заштита за најзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

**А. Превентивна заштита**, коа ќе се остварува преку:

- организирање на стручни трибини од обласа на социјалната заштита;
- организирање на стручни предавања за заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други зависности;
- организирање на предавања за заштита од лица кои се занимаваат со трговија на луѓе;
- семејно насилство;
- подигање на свеста кај граѓаните за недискриминација на лицата од сите категории на инвалидност, прифаќање во семејството, средината и пошироката околина, помош и поддршка на истите;
- здравствено воспитување и слично.

**Б. Еднократна парична помош** за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, за лицата вработени во општината, општинските буџетски корисници и нивните семејства, согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2012година;

**В. Парична помош и обезбедување** на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за следните категории на лица, согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на Општината за 2012година:

-еднократна парична помош за лица за кое е потребна хруршка интервенција во странство, тешко болни лица и приматели на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување;

- самохрани родители;
- децата без родители и родителска грижа;
- еднократна помош на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава пожар);
- еднократна парична помош за лица корисници на минимална социјална помош

## III. ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОСЕБНИТЕ ВИДОВИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### А. Превентивна заштита

**1. Цел**

Основна цел оваа активност е организирање на стручни трибини, предавања,превземање на превентивни мерки за намалување на бројот на лица зависни од употреба на дроги, алкохол, пушење и зависности од други штетни супстанции, намалување на семејното насилство, подигање на свеста за недискрининација на лицата од сите видови на инвалидност и превземање на мерки за здравствено воспитување.

**2.Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, ќе се спроведе од страна на Сектор за нормативно-правниработи и Секторот за финансиски прашања на Општина.

**3. Планирање на финансики средства**

Средствата за рализација на ова активност ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година.

За спроведување на оваа активност како посебен мерка при обезбедувањето на социјалната заштита во Општина Ѓорче Петров, потребни се годишни средства во износ од 200.000,00 денари.

**Б. Еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на вработен и член на потесното семејството на вработен и боледување подолго од шест месеци, согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2012 година**

**1. Цел**

Основна цел на оваа активност која се спроведува во Општина Ѓорче Петров, согласно одредбите на Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2012 година и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, е во законски рамки, општината да им излезе во пресрет на семејствата на лицата вработени во општината и буџетските корисници, во случај на пензионирање, смртен случај на вработен и на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, со исплата на паричен износ во висина која е утврдена со горенавдениот закон.

**2. Корисници**

Корисници на еднократната парична помош за отпремнина за пензионирање, за надоместок во случај на смрт на вработен и на член на неговото потесното семејството и надоместок за боледување подолго од шест месеци, се вработените во општината администрација и општинските јавни установи и нивните семејства.

**3. Висина на помошта и потребна документација**

Висината на еднократниот паричен надоместок, за вработените во општината и буџетските корисници, е утврден со Законот за извршување на Буџетот на РМ и Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година и се исплатува на трансакциона сметка на име на барателот/член на неговото семејство и тоа :

-за боледување подолго од шест месеци, една последна исплатена просечна плата во органот каде е вработен.

-во случај на смрт на вработениот во општината и општинските буџетски корисници, износ од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари и

- во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување) доколку живеел во заедница, износ во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен, но не повеќе од 15.000 денари по семејство.

- поднесување на барање

Вработениот во општината, буџетскиот корисник/ претставник од нивните семејствата - приматели на еднократниот паричен надоместок по еден од горенаведените основи, треба да поднесе барање за остварување на надоместокот, во тековната 2012 година, односно во наредната година, со уредна и комплетирана документација, од која е очигледно постоење на основот за исплата на паричната помош.

**4. Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, ќе се спроведе од страна на општината Ѓорче Петров, преку надлежните Сектор за нормативно-правни работи и Секторот за финансиски прашања на Општина Ѓорче Петров, во согласност со Одлука за извршување на Буџетот, донесена од страна на Советот на општината, и во согласност со Правилникот за критериуми за доделување парична помош.

Решенијата за доделување на оваа помош ќе ги донесува Градоначалникот на Општината.

**5. Извори на средства**

Средствата за исплата на еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2012 година.

**В. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица**

**1. Цел**

Согласно можностите и во рамки на расположливите средства во Буџетот на општината за 2012 година, општината финансиски ќе потпомага и ќе пружа услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица:

Основна цел на оваа активност, е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита, утврдена во Законот на локална самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр. 05/02), како и посебните законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начи загрозените лица, кои имаат потреба од социјална заштита, превенција и помош.

**2. Корисници**

Корисници на парична помош, мерки и услуги за социјална превенција и заштита, се следните ктегории на лица:

- еднократна парична помош за лица за кое е потребна хруршка интервенција во странство, тешко болни лица и приматели на терапија, кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување;

- децата без родители и родителска грижа;

- еднократна помош на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (земјотрес, поплава пожар);

- еднократна парична помош за лица корисници на минимална социјална помош

**3. Висина на помошта и потребна документација**

Висината на надоместокот, видовите на мерки и услуги за социјална заштита и превенција, за горенаведените категории на лица, ќе се утврдува, врз основа на поднесени барања, со комплетна документација од која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Комисијата за образование, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита и Комисијата за финансирање .

Решенијата за доделување на оваа помош ќе ги донесува Градоначалникот на Општината.

**4.Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата за социјална заштита на Општина Ѓорче Петров за 2012 година, ќе се спроведе од страна на општината Ѓорче Петров, преку надлежните Сектор за нормативно- правни работи и Секторот за финансиски прашања на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Правилникот за критериуми за доделување парична помош.

**5.Извори на средства**

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за горенаведените категории на лица, во рамки на расположливте средства во Буџетот.

За спроведување на оваа активност како посебен мерка при обезбедувањето на социјалната заштита во Општина Ѓорче Петров, потребни се годишни средства во износ од 200.000,00 денари.

Граѓаните кои се корисници на социјални парични надоместоци, можаат да бидаат работно ангажирани од страна на Општина Ѓорче Петров за изведување на јавни работи во соработка со Центарот за социјална работи и Агенцијата за вработување на република Македонија, Општината може за нивното ангажирање да исплаќа дополнителен надоместок во рамки на средствата предвидени во Буџетот.

Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров", а ќе се применува во текот на 2011 година

**Број 07-3090/12**
**Од 29.11.2011 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Стојкоски с.р.**